ОСНОВНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ"НАУМ ОХРИДСКИ" с. Булачани,
Скопје, ул.5 бр.1 с. Булачани ☎02 2575 946; 078291929;
e - mail: nohridski@yahoo.com; http://naumohridski.edu.mk/
ou-naumohridski-bulachani-gazibaba@schools.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
НАУМ ОХРИДСКИ
Бр. 09-1119
30.09. 2025 год.
с.Булачани,Скопје

***ООУ„ Наум Охридски“ с. Булачани – Скопје***

**ПОВИК ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИК ПРАВОБРАНИТЕЛ И ЗАМЕНИЦИ УЧЕНИЦИ ПРАВОБРАНИТЕЛИ**

ООУ „Наум Охридски“ с. Булачани - Скопје објавува повик за избор на Ученик правобранител и Заменици ученици правобранители.

Ученичкиот Правобранител е ученик кој ќе се грижи за заштита и почитување на правата на децата во училиштето, кој ќе има обврска да ги промовира правата на детето, да препознава повреда на детските права во рамките на училиштето и да ги пријави сите случаи на повреда на детските права до надлежните органи во и надвор од училиштето (Училиштен кадар и Народен правобранител).

**<u>I. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО</u>**

Право на пријавување за функцијата Ученик правобранител имаат учениците од 7, 8 или 9-то одделение.

Право на пријавување за функцијата заменик Ученик правобранител имаат учениците од 6,7,8 или 9-то одделение.

**<u>II. НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ</u>**

<u>Документи за пријавување:</u> **пријава и мотивационо писмо.**

Заинтересираните кандидати можат да подигнат пријава од стручната служба во училиштето. Истата кандидатите потребно е да ја пополнат и да ја доставаат пријавата до стручната служба.

Мотивационо писмо се доставува во слободна форма.

**Краен рок за поднесување на документите: 09.10.2025 година**

**<u>III. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР</u>**

Изборот за Ученик правобранител и негови заменици го врши стручната служба во училиштето според следните критериуми:

- пол;
- возраст;
- основно познавање на детските права;

- мотивација за пријавувањето;
- комуникациски и организациски способности;
- етничка припадност;
- претходно искуство, односно вклученост во вонаставните активности.

**<u>IV. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ на ученикот правобранител и неговите заменици:</u>**

- Учество на воведна обука за улогата и обврските на ученикот правобранител организирана од страна на стручната служба (тимот за поддршка на ученичко учество);
- Промовирање на правата на детето во училиштето преку едукативни – врснички работилници и информативни настани;
- Прибирање на претставки – поплаки од учениците (препознавање на прекршување на детските права и обезбедување заштита за почитување на детските права);
- Редовна комуникација и координација со стручната служба.

Мандатот на избраниот Ученик правобранител и замениците правобранители е 2 (две) учебни години (доколку правобранителот е 9 –то одделение, неговиот мандат е една учебна година).

Лице за контакт: **<u>Марина Станишковска Спасовска-психолог</u>**

Скопје, 30.09.2025 година

Директор

-------------------------

м-р Елизабета Андова